**Известување за концентрација со која Проекс Интернационал Л.Л.Ц, Косово ќе стекне контрола над ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје (предмет бр. 08-122/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 10.08.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Проекс Интернационал Л.Л.Ц. со седиште на Фехми Љадровци 32, Приштина, Косово, има намера да стекне контрола врз Друштвото за трговија на мало ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16-1-мансарда 1, Скопје.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Врз основа на Писмо за намери и рамка за Трансакцијата од 02.07.2026 година склучено помеѓу Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. Васил Ѓоргов бр. 16-1/мансарда 1, Скопје како Продавач и Проекс Интернационал како Купувач, се согласиле за главните комерцијални услови и структурата на предвидената Трансакција поврзана со стекнување од страна на Купувачот на малопродажниот бизнис на супермаркети што моментално го управува ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје во Република Северна Македонија, меѓу другото, под називите „Тинекс", „СуперТинекс", „Тинекс Деликатес", „Конто" и „Спот" (**„Бизнис"**).

ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје по потпишувањето на Писмото за намери и рамка на Трансакцијата, на 14.07.2026 година го регистрирал ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје кој е наменет да служи како средство за стекнување и работење на Бизнисот. На ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје ќе му се стави на располагање Бизнисот или релевантните делови од Бизнисот во согласност со главните услови договорени во Писмото и како што ќе бидат дополнително регулирани во Преддоговорот за купопродажба на удел и дефинитивната документација за Трансакцијата.

Главна дејност на од Проекс Интернационал Л.Л.Ц.е трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна, пијалаци и тутунски производи.

Проекс Интернационал Л.Л.Ц. и Групата на која припаѓа Проекс Интернационал Л.Л.Ц. немаат поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија, ниту оствариле било каков приход на пазарот во Република Северна Македонија во 2025 година.

ТИНЕКС МАРКЕТ ДООЕЛ Скопје има еден поврзан субјект регистриран во Република Северна Македонија, неговиот основач, Друштвото за трговија на големо и мало и услуги ТИНЕКС-МТ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје.

За целите на оценка на концентрацијата подносителот на известувањето предлага како релевантен пазар на производи да се дефинира пазарот за трговија на мало во неспецијализирани продавници, маркети.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на*

*конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

11.08.2026 година
Скопје